**Право на повлекување**
Ако изберете да ја повлечете нарачката, тоа може да го сторите во рок од четиринаесет (14) дена откако сте ја примиле потврдата за плаќањето, без притоа да наведувате причина за откажувањето. Услугите за претплата можат да се повлечат само по иницијалната претплата.

За да ја повлечете нарачката, мора да нè известите за вашата одлука. Можете да го искористите вашето право на повлекување со тоа што ќе одите во вашата сметка за Apple > Историја на купувања, каде што ќе ја изберете нарачката што сакате да ја повлечете, делумно или целосно, и ќе кликнете на „Повлечи трансакција“. Ќе бидете пренасочени на веб-страницата на Apple, каде што ќе ги изберете производите што сакате да ги повлечете, а потоа допрете Следно и Потврди. Доколку ја користите оваа функција за повлекување, веднаш ќе ви испратиме потврда за прием по е-пошта која содржи информации за содржината на известувањето за повлекување, како и датумот и времето на прием. Алтернативно, можете да го користите приложениот образец за повлекување, кој не е задолжителен, или да ни испратите друга јасна изјава за вашата одлука.

За да се откажете од претплатата во дадениот рок, морате да го испратите известувањето за откажување пред да истече периодот од четиринаесет (14) дена.

**Ефекти од откажувањето**
Средствата ќе ви ги надоместиме не подоцна од четиринаесет (14) дена од денот кога ќе го примиме вашето известување. Ќе ги користиме истите начини за плаќање што сте ги користеле за трансакцијата и за тоа нема да сносите никакви трошоци.

**Исклучок од правото на откажување**
Не можете да ја повлечете вашата нарачка за испорачување содржини доколку испораката започнала на ваше барање и со сознание дека со тоа ќе го изгубите правото на откажување.

**Модел на образец за повлекување**
- До Apple Distribution International Ltd., Apple Support, Hollyhill Industrial Estate, Hollyhill, Cork, Republic of Ireland, rightofwithdrawal@apple.com:
- Ве известувам дека се повлекувам од мојот договор за следново:
[ВНЕСИ ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА НАРАЧКА, ПРОИЗВОД, ИЗВЕДУВАЧ И ТИП]
- Нарачано на [ВНЕСИ ДАТУМ] / примено на [ВНЕСИ ДАТУМ]
- Име на клиентот
- Адреса на клиентот
- Е-пошта на клиентот
- Датум